Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по граѓанско образование за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2015

ЗАБЕЛЕШКА:

**Согласно динамиката за воведување на деветгодишното основно воспитание и образование, наставната програма за учениците во VIII одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2010/11 година е еквивалентна на наставната програма за IX одделение на деветгодишното основно училиште.**

Според наставниот план за предметот *граѓанско образование* се планирани по 1 час неделно, односно 36 наставни часа годишно.

Наставниот предмет *граѓанско образование* во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да знае што е власт и како се стекнува;
- да препознава носители на власта;
- да прави разлика помеѓу законодавната, извршната и судката власт;
- да ги знае основните надлежности на носителите на власт во Република Македонија;
- да ги познава формите на учество на граѓаните во јавниот живот;
- да ги открие причините зошто граѓаните треба да ги почитуваат законите;
- да се поттикнува за толеранција во однос на поинакви погледи и ставови;
- да ја разбере улогата на Уставот и законите во современата дражава;
- да го запознае меѓународното хуманитарно право и неговото значење во војна;
- да ги осознава сличностите и разликите меѓу човековите права и меѓународното право;
- да ги запознае институциите и механизмите кои ги казнуваат прекршителите на меѓународното право;
- да формира ставови за вредностите на човечкиот живот;
- да покажува подготвеност за мирно решавање на конфликтни состојби предизвикани од културни, етички и религиозни разлики;
- да ја објасни важноста на мас-медиумите во современото општество.

## *2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ*

| *Тема : Власт (12 часа)* | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да прави разлика помеѓу власт и моќ без власт;<br>- да умее да посочува примери за потеклото на власта (како се стекнува власт);<br>- да објсни што е власта и зошто служи;<br>- да ги знае носителите на власта;<br>- да се оспособува да идентификува случаи на злоупотреба на власта;<br>- да ги знае граѓанските должности во однос на управувањето со општеството (граѓанска доблест);<br>- да ги открие причините зошто граѓаните треба да ги почитуваат законите.<br>- да ги препознава институциите (носители) на власта во Р. | Управување со општеството | Власт,<br>моќ, држава, политика, моќ без власт, извори на власта (правила и закони, обичаи, оп.улоги, институции, морални принципи, согласност),<br><br>институции (носители на власта),<br><br>граѓанска доблест, граѓанска должност. | - Вежба по пат на драматизација – „Моќ или власт” во која се бара одучениците да идентификуваат и драматизираат ситуации во кои се демонстрира власт и моќ без власт.<br>-Анализа на текст подготвен на Брајово ппсимо од Џон Лок, за потребата од власта.<br>- Вербално преку разговор се анализираат примери на добри и лоши постапки на власта, а потоа се дебатира за политичката одговорност.<br>- Учениците спроведуваат анкета (работата во пар слабовиден со слепученини и при изработката на анкетата користат говорен звучен програм): „Кои се должностите на еден граѓанин во демократијата“, а потоа дебатираат согласно добиените резултати.<br>- Работа во групи или парови, презентации на Брајово писмо во вид на извештај или презентации подготвени на компјутер со помоп на говорен звучен програм: Зошто треба да се почитуваат законите? Кој за што е задолжен?<br>- Вежба, организирање на дискусија- „Кој колкава власт треба да има во училиштето“.<br>-се организира средба со претставник на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонија<br><br>- да ги знае основните Уставот,<br><br>- да разликува законодавна, извршна и судска власт;<br>-да знае како се избира Собранието, Претседателот на државата, Владата, народниот првобранител,<br><br>- да умее да го објасни поимот Устав и уставна демократија,<br><br>- да сфати како преку политички партии граѓаните ги изразуваат различните интереси (плурализам),<br><br>- да знае сошто луѓето се здружуваат и зошто стануваат активни членови на заедници. | Власта во Р. Македонија | Собрание, пратеници, влада, министри,<br><br>претседател на здруженија | власта и се води разговор околу надлежностите што ги има, претходно се подготвуваат прашања на Брајово кои ќе се постават на претставникот.<br>- Се изработуваат листи на Брајово писмо со надлежностите на владата, собранието и претседателот на Р.М.<br>- Се анализира Уставот на Р.М. подготвен на Брајово писмо и се дебатира колку е тој демократски, колку ги заштитува човековите права и слободи, колку ги заштитува правата на лицата со инвалидност. Колку е тој важен за демократијата.<br>- Се анализираат програми на политички партии подготвени на Брајово писмо и се води разговор за целите, активностите, за нивната организираност, кои се нивните ставови.<br>- Се посочуваат примери на граѓански здруженија и се разговара за причините зошто се тие создадени. Се води разговор за примери од граѓански организации кои работат во служна на лицата со инвалидност. |

| **Тема : Конфликт (7 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да знае што е мир, како се постигнува и одржува;<br><br>- да ја сфати толеранцијата како меѓусебно разбирање и почитување;<br><br>- да знае што е конфликт и како настанува;<br><br>- да практикува начини на однесување со кои се избегнува конфликт;<br><br>- да ги познава можните последици од конфликтот;<br><br>- да прифаќа однесување кое придонесува за сопствената добро и доброто на другите (општествена одговорност);<br><br>- да научи како да се справи во ситуација кога конфликтот е неизбежен. | Култура на мирот<br><br>Настанување и справување со конфликт | Мир, толеранција, конфликт, претконфликтна состојба, видови на конфликт,<br><br>општествена одговорност, индивидуални и заеднички интереси,<br><br>општо добро, начини на разрешување на конфликтот (согласнот, арбитража, протест правни норми). | - Учениците симулираат по пат на драматизација конфликтни ситуации и нудат решенија како можат да бидат надминати.<br>- Работа во група – се анализираат тектови на Брајово писмо во кои се опишшани различни видови конфликти. Се води разговор.<br>- Работа во група или во паровови- изработка на листа на Брајвово писмо на чекори како да се надмине еден конфликт.<br>– Мини истражување (работа во пар, слабовиден со слеп ученик) – како ги разрешуваме несогласувањата/конфликтите во одделението, во училиштето. Во зависност од добиените резултати се изработува кодекс на Брајово писмо или ва видно писмо испечатено со зголемен и здебелен фонд на однесување. |

| Тема: Истражување на Меѓународното хуманитарно право (11 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги сфати поимите очевидец и достоинство;<br>- да изгради позитивен став за хуманитарно дејствување;<br>- да ги усвои и објасни поимите хуманитарен чин и социјален притисок;<br>- да ја осознае потребата од учество во хуманитарен чин;<br>- да е оспособи за позитивно справување со социјален притисок;<br>- да анализира кога и на кого му е потребна помош, кога е загрозен нечиј живот;<br>- да развива чувство за солидарност;<br>- да воочува и оценува ситуации на очевидец;<br>- да ги знае правилата кои треба да се почитуваат за време на војна и зошто;<br>- да умее да анализира ситуации и да открива кој е одговорен за нешто што се случило;<br>- да изгради позитивен став кон | Очевидец и достоинство<br><br>Хуманитарен чин и социјален притисок<br><br>Дилема и очевидец<br><br>Основи на Меѓународното хуманитарно право<br><br>Меѓународното хуманитарно право и човековите права<br><br>Прекршување на Меѓународ ното хуманитарно право<br><br>Санкционирање на прекршувањата на Меѓународното хуманитарно право; | Очевидец, достоинство<br>Хуманитарен чин, социјален притисок<br>Дилема, очевидец<br><br>Војна, прекршени права, правила за време на војна, човекови права, меѓународно право.<br><br>Право, Универзална декларација за човекови права, Меѓународно хуманитарно право<br><br>Закон, прекршување на право, реакција, санкции (казни)<br>Санкција, конфликт, разрешување на | - Работа во групи-анализа на текстот изготвен на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт „Храбриот продавач".<br>- Се идентификуваат притисоците и ризиците со кои се соочува секој очевидец.<br>- Анализа на приказната изготвена на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт „Сама на клупата".<br>- Вежба - социјален притисок. Учениците осознаваат колкаво е влијанието на средината врз очевидецот, хуманитарниот чин и реакцијата на секој поединец.<br>- Учениците постојано ги читаат правилата изготвени на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт за дискусија со цел да ги усвојат и применат во секојдневниот живот.<br>- Истражување на случај „Тој само се забавуваше".<br>- Работен лист изготвен на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт - изразување на ставови, што би направиле доколку се најдат на местото на некој настан.<br>- Бура на идеи - откривање на поимот „Војна".<br>- Вежба – Скулптура - учениците препознаваат вербано дискутураат кои права се прекршени и од кого.<br>-Се воспоставуваат правила на работа и ги |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сите права;<br>- да ги препознава прекршителите на правата;<br>- да знае што е заедничко за човековите права и меѓународното хуманитарно право;<br>- да објасни кога се применуваат човековите права, а кога меѓународ ното хуманитарно право;<br>- да препознава кога е прекршено меѓународното хуманитарно право;<br>- да сфати како прекршувањето на едно право доведува до кршење на друго,<br>- да ги сфати институциите за прекршителите на МХП.<br><br>да процени жртви во конфликти;<br>- да објасни кои институции се задолжени да ги казнуваат прекршителите на меѓународното хуманитарно право;<br><br>- да се залага праведност и одговорност;<br>- да умее да ги процени потребите на жртвите во конфликтот;<br>- да го објасни поимот хуманитарна акција.<br>- да ги знае предизвиците со кои се | Хуманитарна акција | конфликт, жртва<br>Хуманитарна акција, приоритет,<br>човекови потреби | почитуваат.<br>- Работа во група-правила на војна-определување на правила за време на војна.<br>- Анализа на текстот изготвен на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт „Основи на МХП”.<br>- Работа во групи -се организира вербален квиз, учениците поставуваат прашања и даваат одговори, прават разлики меѓу човековите права и меѓународното право.<br>- Анализа на определени членови изготвени на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт од Универзалната декларација за човекови права на ОН.<br>- Воочување на сличности и разлики помеѓу меѓународното хуманитарно право и човековите права.<br>- Учениците дебатираат на тема: „Да се има закон кој често се крши е подобро отколку да нема закон.<br>- Работа во групи-секоја група добива по едно прекршување на хумани-тарното право изготвен на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт и прави дијаграм или пишува извештај на Брајово писмо на причини и можни реакции до кои може да доведе кршењето на меѓународното право.<br>- Работни листови изготвени на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт - учениците анализираат одредена ситуација и даваат свои одговори за видот на прекршеното правило, причините и последиците од прекршувањето.<br><br>- Работа во групи-учениците прават листа на Брајово писмо со постапки кои се забранети со закон и изнесуваат свои ставови за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| соочува хуманитарната акција. | | | прекршителите на законот.<br>-Учениците преку асоцијации го дефинираат поимот воено злосторство и пишуваат извештај за истот на Брајово писмо.<br>Работа во парови-учениците ги искажуваат своите чувства кога некој ќе му наштети некому, се согледаат последиците од повредата.<br>- Работа во групи-анализа на текстови изготвени на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт, препознавање начините на решавање на проблемите.<br>Работни листови изготвен на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт - различни пристапи во разрешување на конфликтите (барање правда и заборавање).<br>- Анализа на текстови изготвен на Брајово писмо или во зголем и затемнет фонт и фотографии од различни конфликти. Уучениците одговараат на прашања што би понеле со себе доколку има војна. Определуваат приоритети. Ги определуваат потребите на луѓето во време на војна.<br>- Техника грозд определување на поимот хуманитарна акција и проблемите врзани за неа или пишување на извештај на Брајово писмо на истата тема, како резултат на претходно направени истражувања на интернет со употреба на говорен звучен програм. |

| **Тема : Медиуми (6 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот / ученичката :<br><br>- да препознава различни видови на масовни медиуми;<br><br>- да ја објасни улогата на масовните медиуми во современото општество;<br><br>- да ги објасни карактеристиките на масовните медиуми;<br><br>- да ги препознае изворите на информации и да го оценува нивниот квалитет;<br><br>- да ги разбере последиците од неточното информирање;<br><br>- да ја сфати потребата од медиумската култура. | Информирањето во Современото општество | Масовни медиуми, електронски медиуми, печатени медиуми, карактеристики на медиумите, информација, комуникација, демант, медиумска култура | - Се изработува листа на Брајово писмо на електронски и печатени медиуми и се прави анализа на начинот на кој тие информираат.<br><br>-Учениците ги споредуваат информациите објавени од различни медиуми, а се однесуваат за еден ист настан. Се обидуваат да ја утврдат точноста на информацијата. Се води разговор заклучуваат како од новинарските куќи најобјективно ја пренеле информацијата.<br>-Учениците изработуваат свој весник на Брајово писмо, почитувајќи ги критериумите- објективност, точност, редослед на информациите и сл. |

## *3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ*

Наставната програма е обликувана согласно на развојните карактеристики на учениците и дидактичките елементи коишто се карактеристични за наставата на современото основно училиште. Наставниците по граѓанско образование своите подаготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на целите по наставни теми и содржини со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес.

Наставната програма нуди четири наставни теми за кои се препорачува да се организира интерактивна настава според начелата за внатрешно поврзување на содржините и целите од областа на управувањето со општеството, мирното решавање на конфликтите, почитување на правилата на Меѓународното хуманитарно право за време на војна, како и информирањето во современото општество.

Наставата по граѓанско образование треба да им овозможи на учениците да усвојуваат знаења и вештини и да ги подготвува да размислуваат и прифаќаат вредности кои го унапредуваат функционирањето на современото општество. Поради специфичноста на наставниот предмет во училишната настава не треба да се пристапува површно, ниту независно од историските и општествените услови, туку многу продлабочено во согласност со придобивките во областа на човековите права и слободи и непосредната заштита на човековите права и слободи во нашето општество и преземањето на граѓански обврски. Всушност, неопходно е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето, да ја сфаќаат важноста од постоењето на власта, обврските кои произлегуваат од поседување на власта, влијанието на граѓанските здруженија врз одлуките на власта.

Истовремено, учениците ќе сфатат како треба да се живее во заедница во која постојат голем број културни разлики помеѓу нејзините членови; ќе се навикнуваат да ги надминуваат меѓусебните недоразбирања

со толеранција и почит, а со тоа и како да го спречуваат создавањето на конфликтите. Ќе стекнат култура на мирот, медиумска култура, ќе преземаат општествена одговорност и на тој начин ќе се развиваат во лојални граѓани на Р. Македонија.

Исто така, може да нагласиме дека наставната програма по граѓанско образование може успешно да се реализира во училишната настава со примена на училишни методи и активности за поттикнување на продлабочено учење со разбирање и расудување, кооперативност, работа во групи, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Тоа е нужно за да може да се надминува традиционалниот начин на учењето во наставата коешто е ориентирано само кон стекнување на енциклопедиско знаење. Наставниците по граѓанско образование треба да придонесат за создавање демократска училишна клима во паралелката, да се грижат за поттикнување и интегрирање на учењето со активностите и однесувањето на учениците во паралелката, училиштето и пошироката средина. Низ истражувачките активности, проектните работилници и сл. учениците треба да го изнесуваат своето мислење, да прифаќаат вредности од областа на човековите права и за демократското уредување на општеството, да се воспитуваат за соработка и солидарност со другите.

Битна цел на наставата по граѓанско образование е не само да се учи, туку и да се воспитува во добро однесување кон себе и кон другите, да поттикнува кај учениците заедничко меѓусебно комуницирање и во согласност со постигањата во остварување на човековите права, демократско уредување на општеството и градење на нашиот општествен и културен идентитет.

Наставата по граѓанско образование редовно се планира, организира и остварува со предвидениот фонд на часови што е утврден со наставниот план. Учениците во наставата се оценуваат со бројчана оценка која има влијание на општиот успех.

Учениците со оштетен вид кај кои интелектуалните способности се на завидно ниво, без никаков проблем може да ја следаат наставната програма по гераѓанско образование  за осмо одделение, она на што наставникот треба да обрне внимание е да користи специфичните наставни средства и помагала наменети за лицата со оштетен вид. Истиот треба да биде креативен во својата работа преку што успешно и соодветно би му ја пренел наставната материја на ученикот со оштетен вид. За учениците кај кои покрај оштетениот вид има и некој друг проблем, поради кој ученикот неможе во целост да ја следи и совлада наставната материја, наставникот треба да примени индивидуален пристап, диференцирање на целите и задачите во наставната програма, дозирање на содржините  како истите би соодветствувале на потребите и можностите на ученикот.

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови   (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини).*

Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

- Наставни средства:
- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина, посета на специјализирани институции и соработка со стручни лица од локалната средина;
- енциклопедии, речници, списанија, дневен печат, законски акти, меѓународни документи, материјали изготвени и испечатени на Брајово писмо за слепите ученици или со зголемен и затемнет фонт за слабовидните ученици;
- Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери во комбинација со говорен звочен програм;
- аудио-визуелни и тактилни средства и други средства соодветни на предметот и потребите и можностите на учениците.

## *4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ*

- Следење на постигањата на учениците
Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, за нивната мотивираност за учење, за соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
Во програмата се наведени начините на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

Начини на проверување и оценување: усно, писмено со тестови подготвени на Брајово писмо за тотално слепите ученици или во зголемен и затемнет фонт за слабовидните ученици, презентација со употреба на говорен звучен програм.

Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор/дијалог наставник-ученик, како и ученик-ученик; домашни работи, податоци од истражувачка работа. Оценувањето се врши со нумерички оценки.

## *5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ*

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## *6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР*

Наставата по наставниот предмет граѓанско образование во училиште за ученици со оштетен вид ја изведува наставник со завршени студии по социологија.

Доколку на конкурсот за избор на наставник не се јави наставник со завршени студии по социологија, наставата може да ја изведува и наставник со завршени студии по историја со дополнителна дефектолошка дообразба.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по граѓанско образование за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.12-15098/1

21.09.2015 година

Министер

____________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Жанета Чонтева, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор